РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1609/4
20-07-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 35-та седница, одржана на 16.07.2026 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Постапката по предметот број 12-1609/1 од 31.03.2026 година, оформен по пријава со наводи за сомневање за злоупотреба на службено возило сопственост на ---------, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, поради тоа што не се потврдуваат пријавените наводи.

Предметот со број 12-1609/1 од 31.03.2026 година, да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на познат подносител, на ден 31.03.2026 година, доставена е пријава со наводи за сомневање за злоупотреба на службено возило сопственост на ---------, и оформен е предмет број 12-1609/1 од 31.03.2026 година. Во пријавата е наведено дека службеното возило со регистарска табличка -- -------- --, марка Шкода бел џип било користено после работно време заради приватни потреби на вработено лице во предметното претпријатие.

Во насока на проверка на наводите по предметот, ДКСК достави барање до --------- за нивно произнесување по однос пријавените наводи со достава на прилог документација.

--------- извести дека претпријатието има донесено Упатство за начинот на користење на службените возила со број -- - ------/- од --.--.---- година и број -- - -----/- од --.--.------ година со кое биле утврдени условите и начинот на користење на службените возила во ---------, во кое меѓудругото е наведено дека користење на службените возила по завршување на работното време било исклучиво со одобрение на директорот. Во однос на конкретниот случај во кој се изнесени наводи за сомневање за злоупотреба на службеното возило со регистарски таблички

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

-- -------- --, марка Шкода бел џип, ---------известува дека истото било користено после работно време исклучиво за службени потреби на јавното претпријатие.

Лицето кое што го управувало службеното возило имало полномошно за управување на истото со број -- - ----/-- од --.--.----- година и истото било должно да се придржува кон одредбите од Упатството за начинот на користење и одржување на службените возила на Јавното претпријатие за ---------- ------------. Станува збор за лицето ---------- ------------- кое било вработено во предметното претпријатие на работна позиција главен и одговорен инженер за следење на проектот изградба на автопатот ----------- - --------- што подразбира и вршење на теренски увид на самата траса и истото налага потреба од користење на службеното возило вон работно време на претпријатито, што само по себе подразбира дека возилото се користело исклучиво за службени потреби на --------- а во функција за реализација на проектот изградба на автопатот ----------- ---------- како проект во јавен интерес.

Имајќи го предвид сето погоре наведено, ДКСК утврди дека наводите за сомневање за злоупотреба на службено возило сопственост на ---------со регистарска табличка -- ------- --, марка Шкода бел џип, не се потврдуваат, поради што согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси оцени дека нема елементи за натамошно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

Изготвил: П.Б.,советник
Контролирал:Ј.Ц., раководител на Одделение
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор

Доставено до:
- Подносителот на пријавата